**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр.04-240/11 од 20.03.2023 година**
**Ч у ч е р – С а н д е в о**

Врз основа на член 45 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Р.М." бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, бр.215/21 и 99/22), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за вработување**

1.По објавениот Јавен оглас број 47/2023 објавен на 16.02.2023 година, за вработување на административен службеник за работното место УПР 0101 В04 000 Помлад соработник за управување со човечки ресурси во Одделението за нормативно-правни и општи работи, Сектор за правни и општи работи и јавни дејности во Општина Чучер-Сандево, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот Мартина Пирковиќ од Скопје (1 извршител) со идентификациски код 7FEB019 и со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 76.20.

2.Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

По Барање на Општина Чучер-Сандево за објавување на јавен оглас за вработување на Помлад соработник за управување на човечки ресурси во Одделението за нормативно-правни и општи работи, Сектор за правни и општи работи и јавни дејности во Општина Чучер-Сандево (1 извршител), Агенцијата за администрација објави јавен оглас број 47/2023 за вработување на државен службеник од група I подгрупа I во Општина Чучер-Сандево за следното работно место УПР0101 В04 000 Помлад соработник за управување со човечки ресурси во Одделението за нормативно-правни и општи работи, Сектор за правни и општи работи и јавни дејности.

Директорот на Агенцијата за администрација со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас заведено под број 10-546/3 од 27.02.2023 година, формираше Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас број 47/2023 за Општина Чучер-Сандево.

На ден 03.03.2023 година во 09:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација беше спроведена фаза 1- административна селекција за вработување, за

што беше составен Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 10-546/4 од 03.03.2023 година.

На ден 13.03.2023 година во 09:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација беше спроведена фаза 2- испит за административен службеник, за што беше составен Записник од спроведениот испит за административен службеник број 10-546/5 од 13.03.2023 година.

На ден 15.03.2023 година во просториите на Агенцијата за администрација беше спроведена фаза 3- проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, за што беше составен Записник од спроведена постапка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-546/6 од 15.03.2023 година.

На ден 16.03.2023 година во Општина Чучер-Сандево беше доставена Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидатите со најголем број освоени бодови за работно место број 1 по Јавен оглас број 47/2023, број 10-546/7 од 15.03.2023 година.

Врз основа на конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и врз основа на предлогот за вработување на кандидатите со најголем број на освоени бодови за работното место Помлад соработник за управување со човечки ресурси во Одделение за нормативно-правни и општи работи, Сектор за правни и општи работи и јавни дејности, Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево по сите основи, а согласно член 45 од Законот за административните службеници одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата.

**Доставено до**:
-Избраниот кандидат
-Агенција за администрација
-Архива

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ**

**Изработил-Марија Мисердовска**